РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1730/1
10-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведенена под број 12-2951/1 од 18.11.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-2951/1 од 18.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 18.11.2024 година, доставена е пријава во која се бара ДКСК да преземе конкретни дејствија за враќање на паричните средства кои биле исплатени од буџетот на општина ----- на лицето ---------- -------- ----------, во време кога истовремено вршела две функции - Директор на ------ ------ ------ ----- ------ и член на Советот на општина ------- , по што оформен е предмет број 12-2951/1 од 18.11.2024 година.

По разгледувањето на предметните наводи и целокупната документација во архивата на ДКСК, ДКСК утврди дека во друг предмет со иста фактографија за исто лице, веќе постапувала и има донесено одлука од своја надлежност на 87 седница одржана на 01.06.2023 година со број 09-1055/6 од 07.06.2023 година.
Во спомenатата одлука е наведено дека по извршените проверки на податоците, е констатирано лицето ----- ------------ истовремено вршело два функции- Член на Совет на општина ------- и Директор на ---- ----------- ---- ---------, со што го прекршило

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон. ДКСК до споменатото лице упатила известување со кое и било укажано дека во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето да го отстрани прекршокот, со тоа што ќе се откаже од извршување на функцијата – член на совет на општината или директор на ---- -------- ---- -------. Во законскиот рок споменатото лице постапило по Барањето на ДКСК и се откажало од извршување на должноста – член на Совет на Општина --------, а исто така ја платило и глобата за сторениот прекршок.

По разгледување на предметните наводи, како и преземените дејствија на ДКСК по другиот предмет кои се однесуваат на истиот случај согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК констатира дека нема законска можност да презема други дејствија, односно да бара од лицето да ги врати исплатените парични средства во буџетот на општината, откако истото постапило по укажувањето - се откажало од вршење на една од двете функции и ја платило изречената глоба.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК заклучи дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**М-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен:м-р.И.П,раководител на Сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата